МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗБОРНИ ПРОГРАМИ И СОДРЖИНИ

ЗА II ГОДИНА

Скопје, 2002 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1 **Назив на наставниот предмет:** *ликовна уметност*

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување:**
1.3.1. Втора година

**1.4. Број на часови:**
1.4.1. Број на часови седмично: 1 (еден ) час
1.4.2. Број на часови годишно: 36 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет**
1.5.1. Задолжителна изборна програма и содржина

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Цел на наставата по **ликовна уметност** е ученикот да ги усовршува способностите и знаењата за ликовно изразување и доживување на убавото во ликовните и другите дела од културата. Во рамките на перманентното образование и самообразование да совладува нови можности за комуникација, учење и творење, врз основа на досегашните искуства и со примена на новите технологии – компјутери и друго. Континуирано да ги надградува теоретските знаења, ликовниот критериум, креативноста и способностите за творечка примена на ликовните медиуми кои ќе ги користи во учењето, творештвото, животот и определувањето за идната професија.

**2.2. Посебни цели на наставата по ликовна уметност**

- Ученикот да ги развива перманентно способностите за креативен пристап во конципирањето, организацијата на работата и реализацијата на творечката идеја;
- да умее да црта, слика и моделира според природата, меморијата и фантазијата и да проектира (изработува) прототипови од дизајнот;
- да го развива континуирано ликовниот критериум преку творечка работа, да открива и коментира естетски вредности на ликовни дела и да ги објасни особеностите на сопствената креација;
- да изработува теоретска концепција - едноставен елаборат за индивидуална ликовна креација или групно изведување на ликовен проект;

- да распознава особености на ликовни дела и содржини поврзани со други области од културата;
- да ги надградува хармонично индивидуалните карактерни особини и можностите за ликовен израз;
- да умее да го организира процесот на изработка на ликовно дело и да соработува со други лица во креирањето на групна ликовна работа;
- да ги совладува новите можности на примена на современите технологии за комуникација, учење и ликовно творештво (компјутерската графика, Интернет и др.);
- да го негува натамошното развивање на фантазијата како значаен фактор во творечките активности и збогатување на мисловните процеси (примената на дивергентното и конвергентното мислење), за формирање нови идеи и откривање нови решенија;
- да создава свест за чување на природата и средината за живеење и вредностите на традицијата и на народното творештво;
- да открива и совладува нови специфики на различните ликовни материјали и техники и да формира способност за комбинирање, составување, истражување и експериментирање.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Во функција на натамошно надградување на ученикот во рамките на ликовните уметности и културата, што меѓу другото е и во функција за постапното откривање на индивидуалните способности и афинитети за одредена научна област или струка, потребно е покрај стекнатите знаења, способности, умеења и искуства во основното и во прва година од гимназиското бразование, кај ученикот да се формирани одредени културни навики и интерес за творештво, перманентно образование, самообразование и организација на работата.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Збогатувањето на духовните вредности на единката како субјект на колективитетот и формирањето аксиолошки културни компоненти во меѓусебната комуникација и култура на живеење и творештво, условува создавање нови квалитети на уметничка дејност. Особено значајно е користењето на изворите од материјалната култура од областа на уметноста, науката и техниката и настојувањето на ученикот сознанијата да ги применува во образовниот процес, работата и секојдневната пракса. Процесот на едукацијата треба да ги опфаќа, покрај другото, особено трите основни дидактички начела: стекнување теоретски знаења, развој на творечките способности и проширување на на ликовниот – естетскиот критериум низ уметничката и друга дејност.

4.1. Структуирање на содржините за развој на ликовно – творечките способности и знаења за II година

4.1.1. ***Обликување на плоштина***

| **НАСТАВНА ТЕМА** *(ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ)* | **Број на часови** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **Дидактички насоки, мотиви** | **Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела** |
|---|---|---|---|---|
| ЦРТАЊЕ<br><br>*Ликовен јазик:*<br><br>**- линија**<br>**- големина**<br>**- простор**<br>**- насока**<br>**- контраст**<br>**- композиција**<br><br>*Ликовни материјали и технки:*<br>- графитен молив, јаглен, пастел, тонирани хартиии (подлога) во разни големини и др. | 3 часа (ориен-тацио-но) | Ученикот:<br>- да наведува карактеристични разлики меѓу цртежи од различни историски периоди;<br>- да употребува насоки и видови линии за приказ на просторност со вид перспектива;<br>- да користи во композицијата: големина; контраст, насока;<br>- да изработи скици и “картон” на цртеж во размер 1:1 за индивидуална творба (од голем формат) или проект на слика - мурал, релјеф, скулптура и др.;<br>- да соработува во тим за изработка на ликовна творба со голем формат (проект);<br>- да употребува традиционални и современи ликов-ни средства за цртање применувајќи ги ликовните карактеристики на материјалот и техниката;<br>- да ја организира солидно работата: подготвување на материјали, алати, помагала и др.;<br>- да проценува естетска вредност во ликовно дело и да го коментира индивидуалното доживување. | - Демонстрирање начини на цртање со различен материјал на видови подлоги;<br>- истражување и експеримен-тирање со разни ликовни елементи и материјали;<br>- покажување и анализирање репродукции и оригинали на цртежи од познати мајстори;<br>- вршење коректури и поттик-нување на учениците за изнао-ѓање оригинално решение;<br>- организирање средби, разго-вори со ликовни уметници, посета ма музеи, галерии и др..<br><br>*Мотиви:*<br>- од непосредната околина и животот на луѓето; растител-ниот и животинскиот свет; обичаи, легенди, митови и др. | Историја (содржини од уметноста, архитектурата)<br><br>- биологија;<br>- народна култура.<br><br>Репродукции – цртежи со видови перспектива од: ренесансата, византија и др. |

- **Ликовните проекти или творбите од голем формат може да се реализираат (довршуваат) во рамките на часовите предвидени со Наставниот план за *Изборни содржини и активности.***

4.1.2. Обликување на плоштина

| НАСТАВНА ТЕМА *(ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ)* | **Број на часови** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **Дидактички насоки, мотиви** | **Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела** |
|---|---|---|---|---|
| **СЛИКАЊЕ**<br><br>***Ликовен јазик:***<br>**- боја**<br>**- контраст**<br>**- рамнотежа**<br>**- доминанта**<br>**- композиција**<br><br>*Ликовни материјали и техники:*<br><br>- сликарски суви материјали: пастел, креда, колаж;<br>- влажни: гваш, акварел, темпера, акрил и др. | 4 часа (ориентационо) | Ученикот:<br>- да го објасни глобалниот развој на сликарството низ историските епохи;<br>- да користи, според сопствен избор вид перспектива (централна; обратна; иконографска и др.), и тонски и колористички вредности во приказ на просторност;<br>- да применува во ликовниот израз: рамнотежа; доминанта и да ја користи бојата според индивидуалниот сензибилитет;<br>- да употребува нови постапки за работа: комбинирање, експериментирање и истражување во примената на ликовни елементи и принципи и работата со ликовни материјали и подлоги;<br>- да решава ликовен проблем на индивидуален начин; да изврши ремикс на познато ликовно дело;<br>- да соработува во тимска работа за изработка на мултимедијален проект за: мурал; хепенинг; инсталација; акција; перформанс; интервенција во просторот или др.;<br>- да пронаоѓа колористички и други естетски вредности во слика. | - Демонстрирање (креативно и рационално) на работниот процес со ликовен материјал;<br>- организирање реализација на проект за ликовно дело со современ концепт- мурал и сл.;<br>- организирање изработка на ликовни дела за естетско уредување на ентериерот и екстериерот на училиштето;<br>- реализирање посета на музеј, галерија, ателје на уметник;<br>- естетски се анализираат ликовни дела и се откриваат колористички вредности.<br><br>*Мотиви*:<br>- од природата и животот на човекот; митови, народни обичаи, религиозни теми и работа по фантазија;<br>- трансформација на звуци и осети во хроматски и ахроматски решенија. | Историја, (архитектура, уметност)<br>- физика,<br>- географија,<br>- литература.<br><br>Репродукции од ренесансни и современи мајстори, мурали;<br><br>- репродукции со решен соодветен ликовен проблем и др. |

4.1.3. Обликување во просторот

| НАСТАВНА ТЕМА *(ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ)* | Број на часови | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | Дидактички насоки, мотиви | Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела |
|---|---|---|---|---|
| 1. СКУЛПТУРА<br><br>***Ликовен јазик:***<br>**- форма**<br>**- волумен**<br>**- градација**<br>**- рамнотежа**<br>**- композиција**<br><br>*Ликовни материјали и техники:*<br>Традиционални и современи вајарски материјали и техники. | 2 часа | Ученикот:<br>- да користи во композицијата: форма; волумен; градација; рамнотежа;<br>- да компонира и рекомпонира видови форми во ликовна творба користејќи според сопствен избор ликовен материјал и техника;<br>- да подготвува скици во цртеж или тродимензионално во материјал за ликовна творба;<br>- да изработува индивидуално или во работен тим проект***** за ликовна творба од голем формат за скулптура; релјеф; хепенинг; акција; перформанс и сл. | - Организирање на работа во групи;<br>- демонстрирање на процесот: компонирање; рекомпонирање; расчленување на форма и др.;<br>- аранжирање изложба на ученички творби.<br><br>*Мотиви:* - од природата, животот на луѓето, растителниот и животинскиот свет и др.;<br>- компонирање на органски, неоргански или геометриски форми. | Историја (архитектура),<br>- физика<br>- биологија<br><br>Репродукции со третиран соодветен ликовен проблем. |

4.1.3.1. Обликување во просторот

| НАСТАВНА ТЕМА *(ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ)* | **Број на часови** | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | **Дидактички насоки, мотиви** | **Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела** |
|---|---|---|---|---|
| 2. АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ<br>**- големина**<br>**- насока**<br>**- волумен**<br>**- контраст** | 1 час | Ученикот:<br>- да распознава и именува особености на архитектурата од различни историски периоди: стар, среден век, ренесанса и современи;<br>- да разликува ликовни и функционални вредности на видови архитектонски објекти (религиозни, јавни, станбени);<br>- да ги препопознава традиционалните и современите материјали во архитектурата и нивните главни карактеристики – ликовни и функционални;<br>- да подготвува скици и идејно решение - проект (цртеж или макета) за архитектонски објект при што ќе користи: големина, насока, волумен контаст и др.;<br>- да ги разликува основите на урбанизмот: потребата за организација на просторот за живеење и работа, естетската и функционалната улога (единството на архитектонските објекти, плоштади, паркови, сообраќајници, водовод и канализација и др.). | - Покажување (фотографии и др.) и објаснување на урбаниран простор (од минатото и современи решенија).<br><br>- организирање прошетка и откривање креативни решенија на објекти на современи архитектонски објекти во урбаниот простор;<br><br>- вреднување на изработени ученички скици, технички цртежи и макети. | - Геометрија,<br>- историја,<br>- архитектура.<br><br>Репродукции, фотографии, макети, вистински урбанизиран простор. |

4.1.4. Обликување на плоштина

| НАСТАВНА ТЕМА *(ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ)* | **Број на часови** | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | **Дидактички насоки, мотиви** | **Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела** |
|---|---|---|---|---|
| ГРАФИКА<br>*Ликовен јазик:*<br>**- линија, боја**<br>**- текстура**<br>**- градација**<br>**- контраст**<br>**- композиција**<br>*Ликовни матери-јали и техники:*<br>- цртачки и гра-фички материјали и техники | 2 часа | Ученикот:<br>- да користи контраст на ахроматски тонски односи;<br>- да применува градација на текстури (користи фактури од разни материјали - колографија) за постигнување молски и дурски решенија;<br>- да изработува клише и да умее да отпечати графич-ки лист на рамен и висок печат;<br>- да користи различни материјали во подготовките за графичкото изразување;<br>- да изработува индивидуален проект за графичко решение со креативен израз и примена на компјутер;<br>- да учествува во работен тим за реализација на елаборат за мултимедијален проект. | - Демонстрирање на печатење графика;<br>- покажување употреба на различен графички материјал;<br>- демонстрирање на реализа-ција на компјутерска графика за ѕиден весник.<br><br>*Мотиви:*<br>- од непосредната околина и животот на луѓето;<br>- од растителниот и животин-скиот свет; обичаи, легенди и митови и др. | - Историја<br>- физика<br><br>-Графики со решен соодветен ликовен проблем. |

4.1.5. Обликување на плоштина и во просторот

| НАСТАВНИ ТЕМИ *(ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ)* | **Број на часови** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **Дидактички насоки, мотиви** | **Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ДИЗАЈН**<br><br>1.1. ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН<br>***Ликовен јазик:***,<br>**- текстура, градација, пропорција, контраст, композиција**<br><br>*Ликовни материјали и техники:* цртачки и сликарски | 2 часа | Ученикот:<br>- да користи во дизајнот (по сопствен избор): текстура; градација; контраст или други ликовни елементи;<br>- да изработува ликовно – графичко решение на рекламен материјал со компјутер;<br>- да естетски проценува успешни графички решенија;<br>- да изработува индивидуално или во работен тим проект***** за ликовно–графичко решение по избор за некоја фирма, институција или манифестација. | - Покажување и коментирање разни дизајнирани дела;<br>- објаснување и демонстрирање ликовно- графичка обработка на лиготип, заштитен знак (симбол) и др.;<br>- анализирање примери од графичкиот дизајн.<br>- посета на графичко дизајнерско биро и печатарски работилници и др. | - Историја, литература<br><br>- Примери од графичкиот дизајн –плакат, знак, лого и др. |
| 1.2. МОДЕН ДИЗАЈН<br><br>*Ликовен јазик:*<br>**- форма, боја**<br>**- ритам, текстура**<br>**- композиција**<br><br>***Ликовни материјали и техники:***<br>- цртачки и сликарски | 1 часа | Ученикот:<br>- да го идентификува значењето на: кројот – форма, боја, ритам, дезен, детали на облеката, комбинација на разни материјали и друго;<br>- да применува боја, ритам и композиција на дезен за одредена облека;<br>- да изработува нацрт за моден костим;<br>- да учествува во тимска работа за изработка на историски или други костими за драмска претстава, приредба или модна ревија во училиштето. | - Објаснување на разликите на облеката според потребата: на годишните времиња, свечена, работна, за разни професии и др.;<br><br>- демонстрирање, користење на сликарски материјали: колаж, текстил, скај, фолија и др. | Историја, литература, фолклор<br><br>Фрагменти од народни носии,<br>- современи костимографски решенија. |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.3. СЦЕНСКИ ДИЗАЈН<br>- сценогрфија<br><br>***Ликовен јазик:***<br>**- простор, големина**<br>**- светлина, форма, боја, композиција**<br>***Ликовни материјали и техники:***<br>- цртачки и сликарски | 1 часа | Ученикот:<br>- да препознава и именува разни видови сцена: за театар, филм, куклен театар, естрада и да ги забележува ликовните и функционалните компоненти;<br>- да разликува разни стилови на историски костими (видови облека од разни географски подрачја, годишни времиња и национална традиција);<br>- да создава проект (со работен тим) за: сценско решение на патрониот празник на училиштето (од идеја, подготовка до реализација); | - Покажување и анализирање примери на видови сценографии за разни намени;<br>- организирање соработка со другите секции во реализацијата на училишната претстава. | - Литература (театар, филм,ТВ)<br><br>Илустрации на видови сценографија за театар, естрада и др. |
| 1.4. КУКЛАРСТВО<br><br>*Ликовен јазик:*<br>**- форма, боја**<br>**- текстура**<br>**- композиција**<br><br>***Ликовни материјали и техники:***<br>- цртачки, сликарски, скулпторки и др. | 1 час | Ученикот:<br>- да разликува разни видови кукли: детски, марионети, за детски театар;<br>- да изработува едноставна кукла;<br>- да подготвува проект за изработка на кукли за куклена претстава. | - Покажување разни видови кукли;<br>- демонстрирање на изработка кукли со разни материјали: отпадни материјали, хартија, крпи, алуминиумска фолија и др. | -Театар;<br><br>Дизајн на детски и други кукли од различен материјал. |
| 1.5. ДИЗАЈН НА НАКИТ<br><br>***Ликовен јазик:***<br>**- форма, ритам**<br>**- линија, текстура**<br>**- симетрија**<br>*Ликовени материјали и техники:*<br>- цртачки скулпторски, сликарски и др. | 1 час | Ученикот:<br>- да препознава и разликува филигрански изработки;<br>- да изработува нацрт за дизајн на накит (бижутерија) и да го реализира во одреден материјал (глина, фолија, мека жица комбинација од разни материјали и сл.);<br>- да користи ритам и симетрија (форма, линија, текстура) во изработката на накит. | - Покажување на народна носија, пафти и други украси;<br>- демонстрирање на изработка (ликовни решенија) на накит;<br>- организирање посета на етнолошки музеј. | - Историја<br><br>- Народна култура (накит) |

4.1.6. Историја на уметноста

| НАСТАВНИ ТЕМИ | Број на часови | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | Дидактички насоки | Корелација меѓу темите и меѓу предметите. Избор на ликовни дела |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОС-ТА**<br><br>1.1.УМЕТНОСТА НА ПРАИСТО-РИЈАТА | 1 | Ученикот :<br>- да ја објаснува улогата на предметот историја на уметноста, целите и хронолошкиот развој на правците од праисторијата до модерната уметност;<br><br>- да ги идентификува општите карактеристики и хронологија на каменото, бронзеното и железното време;<br>- да ги разликува спецификите на пештерното сликарство, скулптура и применета уметност. | - Објаснување на разликите меѓу општата историја и историјата на уметноста;<br><br>- покажување репродукции на дела од праисторијата;<br>- посочување на користење стручна литература и други извори. | - Историја<br>- географија<br>- литература<br><br>Дела – репродукции од праисторијата – Алтамира, Ласко. |
| **2. СТАРИТЕ КУЛТУРИ**<br><br>2.1.МЕСОПОТА-МИСКА И ЕГИПЕТ-СКА УМЕТНОСТ<br><br>2.2. ЕГЕЈСКА И ГРЧКА УМЕТНОСТ | 3 часа | Ученикот:<br>- да ја распознава географската положба, хронолошката поделба, културата, писмото;<br>- да ги разбира и именува основните карактеристики на архитектурата, сликарството, вајарството и применетата уметност;<br><br>- да дава осврот за географската положба, најпознатите археолошки локалитети, митови и легенди;<br>- да споредува општи сознанија за Крит и Микена-основни карактеристики во архитектурата, вајарството, сликарството, применетата уметност;<br>- да ја поврзува периодизацијата на архајскиот, класичниот и хеленистичкиот период;<br>- да споредува специфики на дела од познатите творци на скулптурата: Фидија, Скопас, Поликлет, Пракситeл, Лисип; | - Користење техники на учење: инсерт, грозд и др.;<br><br>- прикажување репродукции;<br>- користење стручна литература;<br><br>- покажување шеми, графикони, цртежи; | -Историја<br>-географија<br><br>- историја<br>- географија<br>- литература |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3. ЕТРУРСКА И РИМСКА УМЕТНОСТ<br><br>2.4. РАНОХРИСТИ-ЈАНСКА И ВИЗАН-ТИСКА УМЕТНОСТ | | -да ја препознава географската положба и основните белези на етрурската култура, периодизацијата на римската империја, основните карактеристики во архитектурата, вајарството, сликарството и ситната пластика;<br><br>- да ги објаснува причините за појавата на христи-јанството, уметноста на катакомбите, новиот тип на градба - христијанска базилика, основните карактеристики и мотиви во фреско сликарството и мозаиците;<br><br>- да ги разликува општите карактеристики на византиската уметност: архитектура, вајарство, фреско сликарство, мозаици, ситна пластика. | - организирање посета на археолошки споменик или локалитет;<br><br>- прикажување репродукции;<br>- посочување соодветна струч-на литература;<br><br>- покажување и анализирање примери на византиската уметност. | - историја<br>- географија<br><br>-историја<br>-географија |
| **3. СРЕДЕН ВЕК ВО ЕВРОПА**<br><br>3.1. РОМАНИЧКА И ГОТСКА УМЕТ-НОСТ | 1 | Ученикот:<br>- да ги поврзува општите карактеристики и пери-одизација на романиката и готиката во Франција, Германија, Италија и Англија;<br>- да ги објаснува карактеристиките на позначајните цркви и катедрали, вајарството и сликарството и нивните претставници: Џото, Чимабуе и Лоренцети; | - Прикажување, објаснување и анализирање репродукции;<br>- организирање, излагање на учениците со претходна нивна подготовка и проучен стручен материјал и репродукции. | - Општа историја,<br>- литература |
| **4. РЕНЕСАНСА**<br><br>4.1. РАНА РЕНЕСАНСА ВО ИТАЛИЈА | 2 | Ученикот:<br>- да ги препознава и именува предвесниците на ренесансата, 13 и 14 век, периодизација, архитектура - Брунеолески, Алберти; вајарство, сликарство; теми и техники; претставници на ренесансата во Италија;<br><br>- да даде осврт за Фиренца како никулец на новото: архитектура, сликарство-Мантења, Ботичели, Мазачо, вајарство; | - Читање и коментирање одреден текст од трактатите на Леонардо;<br><br>- користење на образовната техника *коцка* и др.; | - Историја<br>- географија<br>- литература |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2. ВИСОКА РЕНЕСАНСА<br><br><br><br><br>4.3. РЕНЕСАНСА ВО ЕВРОПА | | - да ја дефинира улогата на Рим како центар на уметноста;<br>- да ги препознава општите карактеристики и значајните претставници во архитектурата: Браманте; во сликарството - Леонардо да Винчи, Микеланџело, Рафаело;<br><br>- да ги идентификува позначајните држави и нивните претставници во архитектурата, сликарството и вајарството, Холандија-Бош, Бројгел и браќата Ван Ајк, Германија -Ханс Холбајн, Дирер, Франција-Жан Фуке, Жан и Франсоа Клуе и архитектот Жермен Пилон. | - организирање семинарски работи изготвени од учениците по избор за одреден творец;<br><br><br><br><br>- презентирање и коментар од ученик на репродукции. | - историја<br>- географија<br>- цртање, сликање |
| **5. БАРОК И РОКОКО** | 1 | Ученикот:<br>-да ги поврзува општите карактеристики, периодизација и универзалност на правецот во одделни земји: Италија, Холандија, Фландрија, Шпанија, Франција, Англија; да се издвојат главните претставници од архитектурата, сликарството и вајарството во најопшти црти. | - Прикажување и анализирње на примери од барокот и рококо стилот;<br>- користење стручна литература. | - Историја<br>- географија<br>- сликарство, скулптура |
| **6. УМЕТНОСТА НА 19-от ВЕК ВО ЕВРОПА**<br><br>6.1. НЕОКЛАСИЦИЗАМ И РОМАНТИЗАМ<br><br><br>6.2. РЕАЛИЗАМ И ИМПРЕСИОНИЗАМ | 1 | Ученикот:<br>- да ги покажува основните карактеристики и периодизацијата и поглавните претставници во сликарството и скулптурата: Жак Луј Давид, Доминик Енгр, Антонио Канова, Жерико, Делакроа и англиските пејзажисти Констејбл и Тарнер;<br><br><br>- да ги дефинира основните карактеристики, обележја и периодизација, да ги наброи главните претставници на реализмот: Курбе, Домије, Миле; на импресионизмот: Мане, Моне, Реноар, Дега и од искулптурата - Роден. | - Организирање вежби за препознавање на стил од одредена епоха преку набљудување на ликовни дела - репродукции;<br>- користиње стручна литература;<br><br>- оганизирање мали работни групи за изработка на мини проекти на кои со свое излагање ќе учествуваат неколку ученици. | - Историја,<br>- географија.<br><br>-цртање, сликање, скулптура.<br><br>-Репродукции од соодветни епохи и стилови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. УМЕТНОСТА ВО 20-от ВЕК-МОДЕРНА УМЕТНОСТ** | 4 | Ученикот:<br>- да ги разликува општите карактеристики и темелните општествени промени; примена на нови технички пронајдоци, разбивање на традиционалното, слобода на сопствено изразување, појава на нови ликовни правци и техники; | - Организирање набљудување и анализа на репродукции;<br><br>- користење стручна литература; | - Историја,<br>- географија. |
| 7.1. ПОСТИМПРЕСИОНИЗАМ И СИМБОЛИЗАМ | | - да ги идентификува и и именува општите обележја и поважните претставници: Жорж Сера, Пол Сезан, Матис, Пол Гоген, Ван Гог, Вијар и Бонар; | - организирање посета на музеј или галерија; | - Репродукции од импресионизмот и другите ликовни правци, автори и дела. |
| 7.2. ЕКСПРЕСИОНИЗАМ И КУБИЗАМ | | - да ги објаснува општите карактерситики и позначајните претставници- Енсор, Мунк, Кандински, Оскар Кокошка, Пабло Пикасо, Жорж Брак; | - користење на образовната техника *инсерт, грозд* и др.; | |
| 7.3. НАИВНО СЛИКАРСТВО И НАДРЕАЛИЗАМ | | - да ги препознава општите карактерситики и поважни претставници-Анри Русо, Марк Шагал, Сутин и Модилјани, потоа М. Ернст, Салвадор Дали, Х. Миро; | - прикажување детски ликовни творби и откривање врски со наивната уметност; | |
| 7.4. ФУТУРИЗАМ, МЕТАФИЗИЧКО СЛИКАРСТВО И ДАДАИЗАМ | | - да ги поврзува општите карактеристики и поважните претставници, Џорџо де Кирико, Северини и др.; | | |
| 7.5. АПСТРАКТНА УМЕТНОСТ, ЕНФОРМЕЛ, ПОП АРТ И ОП АРТ | | - да ги препознава спецификите и обележјата на поважните претставници во сликарството: Пит Мондријан, Пол Кле, Џексон Полок и скулптурата: Хенри Мур, и архитектурата - Корбизје и Гропиус; | - организирање активности за проучување и презентација на одреден, творец, правец или епоха од страна на ученици. | -Современа литература (филм) |
| 7.6. КИНЕТИЧКА УМЕТНОСТ, НОВА АПСТРАКЦИЈА, ХЕПЕНИНГ И АМБИЕНТАЛНА, КОНЦЕПТУАЛНА УМЕТНОСТ И ХИПЕРРЕАЛИЗАМ | | - да ги идентификува општите карактеристики и обележја на секој правец поединечно;<br><br>- да ги резимира особеностите на новите правци и движења во ликовните уметности и поврзаноста со другите области и настани од културата. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8. УМЕТНОСТА ВО МАКЕДО НИЈА**<br><br>8.1. ПРАИСТОРИСКА И АНТИЧКА УМЕТНОСТ<br><br>8.2. РАНОХРИСТИЈАНСКА УМЕТНОСТ | 5 часа | Ученикот:<br>- да ги препознава и лоцира позначајните археолошки локалитети и предмети од праисторијата и антиката, античките театри во Македонија, Скупи, Стоби, Хераклеа и Лихнидос како и Баргала, Имарет-Охрид, Ахил-Преспа;<br><br>- да ја дефинира периодизацијата и местоположбата, и ги регистрира белезите на архитектурата, вајарството-декоративната камена пластика и применетата уметност;<br><br>- да ги поврзува политичките и општествените настани поврзани со појавата на христијанството, да ги препознава основните карактеристики на архитектурата: базилики, епископски базилики со крстилници од латински и хеленистички тип;<br><br>-да ја разликува профаната архитектура (палати и други видови градби) и ја споредува декоративната пластика и содржините на мозаичната декорација. | - Организирање посета на археолошки локалитети и музеи;<br><br>- покажување археолошки материјал, фотографии;<br><br>- користење стручна литература;<br><br>-презентирање фотографии и визуелни содржини од христијанската уметност. | - Историја (уметноста на грчката и римската цивилизација);<br><br>- географија.<br><br>- Репродукции од ранохристијанската уметност. |
| 8.3. СРЕДЕН ВЕК | | - Да ги наведува основните обележја и периодизацијата на архитектурата - цркви (Св. Климент Охридски и др.), манастири- Св. Пантелејмон, Св. Ѓорѓи во Курбиново и др.; тврдини: Самоилова, Скопско кале, Исарот-Штип и др.;<br>- да го препознава вајарството - декоративната пластика, фигури, олтарни прегради и сликарството - фреските и нивните карактеристики;<br>- да ги идентификува и наведува делата на мајсторите и зографите Михајло и Евтихиј. | - Се организира посета на црква во градот или блиската околина која е историски споменик на културата;<br>- објаснува по тематската целина;<br>- ги запознава со основните податоци и фрескоживописот. | - Историја,<br>- географија<br><br>- старомакедонска литература и јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8.4. СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ | | - Да ги поврзува општите прилики за појавата на современата уметност во Македонија;<br>- да ги препознава и споредува основоположниците на современото македонско сликарство (Пандилов, Коџоман, Мартиноски, Личеновски, Белогаски) и други значајни ликовни творци од средната и млада-та генерација. | - Организирање активности во вид на семинарска работа;<br><br>- организирање посети на музеи, галерии и споменици на културата | - Историја.<br><br>- Прилози–репро-дукции од совре-мената македон-ска уметност. |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Перманентните заложби за осовременување на едукативниот процес за остварувањето на целите по **ликовна уметност** не го запоставуваат користењето на стандардните методи и форми во наставна работа: методата на **самостојна работа** на учениците при што практична-та работа – ликовното творештво ќе зазема доминантно место. Секако дека ќе се користат и други методи меѓу кои и можноста за комбинирање со демонстративно-илустративните и вербално – текстуалните и други посовремени методи. Од формите ќе се користат фронталниот, индивидуалниот, групен облик и работа во двојки. Користењето на формите, методите и постапките на работа, наставникот поцелосно ги осмислува непосредно при планирањето на наставниот час и операционализацијата во конкретни активности кои ќе ги реализира на часот. Користењето на формите и методите ќе биде усогласено со материјално-техничките и просторните услови на училиштето, возраста и предзнаењата на учениците и нивниот интерес и современите образовни техники, технолошките можности што ги пружа компјутерот – користењето на Интернет, ЦД и друго.

**Наставникот** ќе користи разни можности во воспитно – образовниот процес: организирање на теоретска и практично творечка работа, подготвување на дидактички средства, користење на традиционални и современи методи и форми на работа, демонстрирање преку скицирање, цртање и друго, вршење коректури, следење на напредувањето и резултатите на ученикот, оценување и друго.

**Ученикот** ќе ги совладува наставните содржини преку набљудување, насочување на вниманието, индивидуално учење, скицирање и ликовно – творечка работа, соработка со други ученици во реализацијата на одреден проект и друго.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Процесот на ликовно - уметничкото творење како дел од прогресот на културата и општеството, наложува не само креативен пристап во работата и стекнување нови сознанија и искуства, туку и развој на естетските вредности и формирање на културни навики кај ученикот. Во таа насока, во образовниот процес меѓу другото е значајно користењето на основните законски документи (Наставната програма и видовите планирање), со посебно нагласување на придонесот на активностите на наставникот и ученикот во организацијата и остварувањето на целите на часот. Наставата (практично – творечка работа, која има доминантна улога) претежно ќе се реализира во наменски кабинет по ликовна уметност, на отворен простор и во други институции и установи. Покрај практично-креативната работа,

значајно место ќе има теоретската работа и посетата на музеи и галерии. Во текот на работата со учениците ќе се има предвид педагошката комуникација на релација наставник-ученик и обратно, задоволување на ученичките потреби и интерес, оспособување на учениците за самостојно размислување и изнаоѓање оригинални решенија и др. Особено ќе се посветува внимание на иницијативите на учениците и задоволување на желбите за остварување на индивидуални ликовни проекти.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Согласно целите на наставата по ликовна уметност, примарна улога има творечката работа за што треба да се обезбедат просторни и материјално - технички услови: кабинет или наменска училница по ликовно образование, ликовни материјали, алати и помагала од кои визуелните средства имаат особено значење. Задолжително треба од техничките средства училиштето да располага со дијапроектор, епископ, комплет на дијапозитиви или репродукциина од ликовни дела, видеокасети и друго. Особено позитивна улога имаат редовната посета на музеи и следењето на ликовни изложби и манифестации, односно разгледување, доживување и анализа на оригинални ликовни дела. Исто така, користењето на стручна литература (педагошка и од областа на ликовната уметност) придонесува на културната и естетска надградба на учениците. За успешно остварување на Наставниот план во делот на *Изборните содржини и активности,* неопходно е училиштето да обезбеди просторни и други услови при што обезбедувањето на ликовни материјали и помагала ќе биде основен услов, а ќе биде и во рамките реализацијата на дел од Програмата за работа на училиштето, односно изработка на индивидуални и групни творби (од голем формат) од страна на учениците.

#### 4.4.1. Учебници и учебни помагала за учениците

1. Учебници изработени според потребите на дејноста и возраста на учениците:
- Ликовна уметност - 2, елементи и принципи од Б. Лазески
- Ликовна култура – 1, историја на уметноста од В. Величковски

2. Видеоснимки (видеокасети) од историјата на уметноста, познати автори и дела; разработка на некоја ликовна техника. и др.

#### 4.4.2. Дополнителна литература за наставниците

За наставникот се препорачува следната стручна литература:
- Методика по ликовно воспитание и образование
- Прирачници за наставници и студенти
- Историја на уметноста од Џонсон, Пискел или друг автор; стручни списанија и литература по избор на наставникот.
- Архајм Рудолф: Уметност и визуелно опажање, Београд 1971
- Архајм Рудолф: Уметност и визуелно мишлење, Београд и други

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Способностите, знаењата, умеењата и постигањата на учениците по **ликовна уметност** наставникот треба да ги следи низ повеќе процеси на едукацијата: покажаниот интерес на ученикот, неговите заложби, резултати од ликовно - творечката работа при што особено ќе се валоризира нивото на креативноста, индивидуалниот ликовен израз, степенот на стекнатите знаења од теоријата и историјата на уметноста (може да се применат тестови и др.), нивото на развиен ликовен критериум при анализата на ликовни дела и размислувања за феноменот на естетиката и друго. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците ќе се спроведува во форма на описно оценување - формативно во текот на првото и второто полугодие и сумативно на крајот на учебната година.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Од наставниот кадар се очекува да ги поседува следните карактеристики на **персонални, стручни и педагошки** вредности:
тој треба да биде креативна личност која перманентно ќе се залага за стекнување нови знаења и умеења, користење на современи форми и методи и нивна примена во наставата. Треба да биде солиден стручњак и предавач, организатор на работата, да поседува квалитетни способности за комуникација со учениците, родителите, колегите и други странки, да нема визуелни и други здравствени недостатоци кои ќе го попречуваат вршењето на наставата.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:

1. Факултетот за ликовни уметности – Педагошки оддел VII 1 степен.
2. Факултет за ликовни уметности VII 1 (оддел Сликарство, Вајарство, Графика) со положени испити од педагошко – психолошката група предмети и методиката на ликовното образование на Факултетот за ликовни уметности.

Лицата да имаат предност лицата според означениот редослед.

### 6.3. Стандард за простор

Остварувањето на програмските цели по **ликовна уметност** ќе се одвива во кабинет по ликовно образование опремен со материјално – технички и дидактички средства согласно Нормативот за простор, училиштен мебел соодветен на потребите на наставниот предмет и наставни средства. Кабинетот да поседува и просторија за подготовки на наставникот која, покрај другото, ќе служи и како дидактичка остава за чување на материјално – техничките средства, стручна литература, ликовни материјали и друго.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** јануари 2002 година.

**7.2. Состав на работната група:**

- Петре Наневски, советник за општествената група – Одделение за планирање и програмирање во БРО – Скопје
- Трајко Јовановски, советник за општествената група – Одделение за следење и советодавно – инструктивна работа со воспитно - образовниот кадар во Бирото за развој на образованието – Скопје
- Фехим Хусковиќ, асистент по методика на ликвното образование во Факултетот за ликовни уметности – Скопје
- Лидија Саздовска, наставник во Гимназијата “Раде Јовчевски-Корчагин” – Скопје
- Теодора Андова-Фотева, историчар на уметноста, виш кустос во Музеј на град Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување 01.9.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ликовна уметност ја одобри (донесе):

__________________________________________________со решение бр. __________________ од ____________година.